ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ
Су.02 бр.21/20
18.12.2020 г.

Врз основа на чл.77 и чл.78 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РСМ бр.24/2019) и чл.13 и чл.15 од Судскиот деловник (Службен весник на РМ бр,66/13), Претседателот на Основен суд Свети Николе, Тодор Поп-Панев на ден 18.12.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
јавна набавка

1.Да се изврши јавна набавка согласно одредбите на Законот за јавните набавки.

**I. Предмет и количина на набавката.**
Опрема за видео надзор за потребите на Основен суд Свети Николе.

**II. Износ и извори на средства потребни за реализација на набавката.**
76.200,00 денари без ДДВ (седумдесет и шест илјади и двеста денари) се обезбедни од Буџетот на судска власт на Република Северна Макединија.

**III.Предметот на набавката е неделив/делив по позиции.**
Предметот на набавката е неделив.

**IV.Критериум за доделување на договор за јавна набавка**
Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена во текот на електронската аукција, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. Во постапка која завршува со спроведување на електронска аукција не се врши бодување на понудите, туку само рангирање на понудувачите според висината на понудените цени.

**V.Начин и постапка за доделување на договро за јавна набавка.**
Набавка од мала вредност, согласно Законот за јавните набавки (Сл.весник на РСМ бр.24/2019).

**VI.Назначен орган за спроведување на јавната набавка.**
Постапката за јавна набавка на стоки ќе ја спроведе комисија за јавни набавки на Основен суд Свети Николе во следниот состав: претседател: Марија Петкова, судски соработник, Членови: Иванка Митрева, судски соработник и Јосиф Стоилов, советник информатичар.

2. По изборот за најповолен понудувач да се склучи договор.

3. Се задолжува комисијата од точка 6 да ја организира и спроведе предметната јавна набавка согласно на чл.79 од Законот за јавните набавки.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е и е**

Основен суд Свети Николе има потреба од набавка на опрема за видео надзор за која од страна на Буџетот за судска власт на Република Северна Македонија за 2020 година се обезбедени износ од 76.200,00 денари без ДДВ. Договорниот орган ке спроведе постапка за набавка од мала вредност, кој предемет на набавката не е делив, со критериум за доделување на договорот за јавна набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена во текот на електронската аукција, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. Во постапка која завршува со спроведување на електронска аукција не се врши бодување на понудите, туку само рангирање на понудувачите според висината на понудените цени. Постапката за јавна набавка на стоки ќе ја спроведе комисија за јавни набавки на Основен суд Свети Николе која е наведена во диспозитивот на донесената одлука.

Основен суд Свети Николе
Претседател ,
Тодор Поп-Панев

Makedonski Telekom CA, Todor Pop Panev
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Todor Pop Panev
Date: 2020.12.18 10:21:09 +01'00'